РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Меѓународен Универзитет ВИЗИОН
Universiteti Ndërkombëtar VIZION
Uluslararasi VİZYON Üniversitesi
International VISION University
Гостивар · Gostivar

| Примено: / Pranuar / Kabul tarihi: | 06.12.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Nj. org. / Org. bir. | Бр. / Numër / No. | Прилог / Shtojcë / Vasno | Вредност / Vlera / Deger |
| 03 | 572/0A | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 16-5262/3
05.12.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.44/02, 58/00, 82/08, 167/10 и 51/11), а согласно членовите 18, 53 став 2 и 62 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16). Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност

1. Со ова Решение се утврдува дека научниот институт ***„Институт за општествени науки –Проф. д-р. Туран Јазган"*** при приватен Меѓународен Универзитет „Визион„ со седиште во Гостивар, на улица Мајор Чедо Филиповски бр. 1, ги исполнува условите за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност.

2. Научниот институт *„Институт за општествени науки –Проф. д-р. Туран Јазган"* од точката 1 од ова Решение **СЕ ЗАПИШУВА** во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност што го води Министерството за образование и наука како **научен институт** во состав на приватен Меѓународен Универзитет „Визион" - Гостивар под регистарски број **62.**

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување

## Образложение

Научниот институт „Институт за општествени науки –Проф. д-р. Туран Јазган" до Министерството за образование и наука поднесе барање бр.16-5262/1 од 24.04.2018 година за запишување на горенаведениот институтот во Регистарот на субјекти кои вршат научно-истражувачка дејност.

Комисијата формирана од министерот за образование и наука со Решение бр.16-11003/1 од 13.09. 2018 година за утврдување на исполнетост на условите за вршење на научно-истражувачка дејност на ден 27.09.2018 година направи увид на просторот, опремата, документацијата и другите акти. По извршениот увид на исполнетост на условите во Институтот, на Министерството надлежено за работите на наука поднесе извештај бр.16-5262/2 од 07.11.2018 година со кој се констатира дека научниот нститут „Институт за општествени науки –Проф. д-р. Туран Јазган со седиште во Гостивар ги исполнува условите за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност, согласно членовите 18 и 53 став 3 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16).

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

<u>Упатство за правно средство</u>: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Изготвил: Рамиз Сулејмани
Контролирал: Елван Хасановиќ